Б И Л Т Е Н  Бр. 4

# 41

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
# “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ”
# П Р И Л Е П

0 9 . 0 6 . 2 0 0 6

# МЕГДАН ЗА ПРЕДИЗВИЦИ

И би театар! За скептиците и неверниците доказ дека Прилеп имал, има и ќе има театарски фестивал. Зашто тоа го заслужува градот во кој е втемелен дел од театарската креација.

Чекорејќи во својата, како што милува да рече уметничкиот дирекор, "средовечност", годинешното издание на фестивалот понуди лепеза, збир на најдоброто. Обликувани во формата на официјална и off - програма, публиката уживаше во интересни театарски доживувања. И како магиска рамка, која ги втемелува најдобрите театарски остварувања, фестилот е круна на едногодишните остварувања. И најсуптилните мигови на секој автор, режисер, актер, сценограф беа на вагата за одмерување. Се мери театарски восклик, се мери потег  на режисерска палка, магија на сценографот. И сето тоа се случуваше и ќе се случува пред очите на многубројната театарска публика која има сенс, која знае и умее да награди убава претстава со вистински аплауз. Магијата заврши, задоволството од тоа е на сите. А и заветот кон втемелувачите на македонскиот театар го исполнивме. Сега сме ем средовечни ем посериозни!

А токму таа средовечност не обврзува да бидеме и поодговорни. На сите и кон сите што се дел од комплексот наречен македонски театарски фестивал. Поголема грижа на државата кон културната потреба на својот народ олицетворена преку посериозна и поголема финансика подршка. Посериозен и покритички пристап на театарските творци во креирањето на театарскиот производ каде место за ипровизација не може да има.

Фестивалот има сила, и иднина. Фестивалот има освежување. Младите актери, режисери, драмски автори дадоа нова енергија, ново естетско проникнување, нов ракурс. Во фундусот на театарската уметност полека но сигурно ги испреплетуваат и своите жилички, цврсто прикрепувајќи се за македонската тетарска почва. А таа, македонската театарска почва знаела и знае да се бори со плевелот, со предизвиците, со притисоците. Знае, затоа што е задоена со љубов, ентузијазам, пожтрвуваност, а пред сé квалитет!



# О Д Л У К А

Оценувачката комисија на 41-от македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" Прилеп, во состав: Мето Јовановски - претседател, и членовите Братислав Димитров, Искра Гешоска, Тодор Кузманов и Иван Поповски ги доделува следните награди:

Награда за рекламен материјал се доделува на **Филип Јовановски** за рекламниот материјал од претставата **"Дон Жуан"** во изведба на Драмски театар - Скопје.

Награда за кореографија и сценски движења се доделува на **Жељка Санчанин** за кореографија и сценски движења во претставата **"Тимон од Атина"** копродукциски проект на Народен театар - Битола, Турски театар - Скопје и Лабораторија Нова - Фиренца.

Награда за музика се доделува на **Марјан Нечак** за музиката во претставата **"Тимон од Атина"** копродукциски проект на Народен театар - Битола, Турски театар - Скопје и Лабораторија Нова - Фиренца.

Награда за костимографија се доделува на **Јелена Проковиќ** за костимите во претставата **"Црнила 005"** на Македонски народен театар - Скопје.

Награда за сценографија се доделува на **Владо Ѓоревски** за сценографијата во претставата **"Роберто Зуко"** во изведба на Народниот театар "Војдан Чернодрински" од Прилеп.

Награда за млад актер "Трајко Чоревски" се доделува на **Јасмина Мицовска** за улогата на Сестрата и на **Марија Спиркоска** за улогите Мајката и Госпоѓата во претставата **"Роберто Зуко"**, а во изведба на народниот театар "Војдан Чернодрински" Прилеп.

Награда за епизодна улога "Димче Трајковски" се доделува на **Николина Кујача** за улогата на Неда во претставата **"Црнила 005"** во изведба на Македонскиот народен театар од Скопје.

***Награди за актерски остварувања им се доделуваат на:***

**Габриела Петрушевска** за улогата на Арина Пантелејмоновна во претставата **"Женидба"**, а во изведба на Народниот театар од Битола.

**Никола Ристановски** за улогата на Дон Жуан во претставата **"Дон Жуан"**, а во изведба на Драмски театар - Скопје.

**Адриан Азири** за улогата на XX во претставата **"Емигранти"**, а во изведба на продукција Ода - Тетово.

Награда за режија се доделува на **Лилија Абаџиева** за претставата **"Женидба"** во изведба на Народен театар - Битола.

Наградата за уметничко остварување на претстава во целина и се доделува на претставата **"Женидба"** во режија на Лилија Абаџиева, а во изведба на **Народен театар - Битола**.

---

Жирито за off програма на 41-от Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински", во состав: Младен Крстевски - претседател, Зоја Бузалковска - член, Маја Мицевска - член

Ѝ доделува награда за најдобра претстава во off програмата на претставата **"Купидона"** на Драмскиот театар од Скопје, работена според текст, музика и режија на Срѓан Јаниќијевиќ.

Панк-операта **"Купидона"** е комплетно заокружен авторски проект, прв од ваков жанр на македонските театарски сцени, кој третира провокативна тема, со автентичен и смел драматуршки, музички и режисерски израз.

Оваа претстава е наградена и поради исклучителните актерски остварувања, особено на оние кои ги толкуваат главните улоги. Видлива е супериорноста и во изведбата на музичките сегменти.

Функционалната и визуелно атрактивна сценографија и костим докрај го следат режисерскиот концепт.



Драмски театар - Скопје

**ДОН ЖУАН**
Жан Батист Молиер

Режија: Александар Поповски
Превод од француски и драматург: Деспина Ангеловска
Сценографија: Ј. А.
Видео дизајн: Филип Јовановски
Костими: Ивана Васиќ
Избор на музика: Д. Ј. Серидиња
Кореографија: Кренаре Невзати - Кери
Лектор: Јелица Инадеска

Играат: Никола Ристановски, Ирена Ристиќ, Драгана Костадиновска, Милица Стојанова, Самоил Дуковски, Гордана Ендровска, Калина Наумовска, Никола Ристановски, Ацо Јовановски, Димитар Зози, Снежана Стамеска, Сашка Димитровска, Диме Илиев.

**Актерите за претставата:**

НИКОЛА РИСТАНОВСКИ, актер - Тешко беше да се изнесе ликот на сцената. Не само психички туку и физички. Но нема ништо лесно во оваа работа. Сé зависи од пристапот. Јас сум човек кој постојано си ги отежнува работите. Никогаш не очекувајте да речам лесно ми е. Задоволен сум од реакцијата на публиката. Никогаш не сум имал скепса кон прилепската публика. Тоа е публика која најмногу гледа театар, има голема традиција и која има здрав дух и чесен пристап кон театарот. И вечерва одлично реагираше.

ГОРДАНА ЕНДРОВСКА, актер - Многу сум задоволна од реакцијата на публиката, која секогаш знае да види што е добро. Одлично ја прими претставата. Задоволна сум од тоа како одигравме на сцена.

ДРАГАНА КОСТАДИНОВСКА, актер - Атмосферата меѓу нас актерите беше позитивна и затоа добро ја одигравме претставата. Задоволни сме од публиката. Беше убав процес на работа додека ја подготвувавме претставата и ништо не ни беше тешко.

МИЛИЦА СТОЈАНОВА, актер - Извонредно убава полетна претстава, со извонредни актери. Публиката како и секогаш фантастична. Од неа имам секогаш трема, зашто има изграден критериум за гледање театар. Затоа сакам да играм во Прилеп. Прилепската публика знае да награди но и да казни ако претставата не е добра.

**Публиката за претставата:**

- Добра претстава!
- Убава претстава!
- Воодушевена сум! Прекрасна изведба!
- Претставата ја имам гледано еднаш во Скопје, но овде беше подобра изведбата. Актерите прикажаа повеќе енергија во играта. Можеби заради натпреварот.
- Она што не ми се допадна во претставата беше преводот на текстот. Јас како студент по француски јазик забележав дека преводот не е добро направен. Оттука има пропусти и во претставата. Актерската игра беше добра.
- Добра претстава, а особен впечаток ми остави Никола Ристановски.
- Никола беше одличен.

ОДБЛИСКУ СО ... АЛЕКСАНДАР ПОПОВСКИ, режисер

***Кој беше предизвикот да го поставиш "Дон Жуан" на сцената?***

ПОПОВСКИ: Затоа што таму има еден убав монолог за лицемерието и дека само со помош на лицемерието човек треба да се справува со сите проблеми во денешно време. Тргнувајќи од таа приказна се "фатив" за работа. Ми беше период во кој сакав да експериментирам, да работам со многу глумци.

***Дали сепак за поставувањето на овој текст има влијание времето во кое живееме?***

ПОПОВСКИ: Секако. Најмногу приказната ."Дон Жуан" е искрен човек кој верува во бога. Но светот околу него е полн со лицемерие. Тој останува неприфатен само заради тоа што ги кажува работите такви какви што се́. Токму од таа страна пробав да го дефинирам денешното време.

***Дали си задоволен од соработката со актерите од реакцијата на публиката по претставата?***

ПОПОВСКИ: Работев со одлични актери. Мора да сум задоволен. Тие во целата приказна влегоа со многу забава. Мислам дека и публиката убаво ја прифати претставата. Таа одлично реагираше.

***Кој е следниот предизвик?***

ПОПОВСКИ: Треба да започнам да работам нова претстава во Солун. Од 22 август ќе го поставувам текстот "Нашите нови пријатели" од една млада грчка писателка, а се зборува за едно момче од Скопје.





ЕЛЕНА
Ни фали твојата лика -
твојата убава реч
Елена
и поукот твој ни фали,
вдахновеноста -
ортодоксна, љубовта
твоја, животниот став:
кон театарското дело да
се гледа како кон чаша
мед.
Безпоштедно да се
истури чаш пот, а кој го
мрази овој ред -
не е пчела туку - скот.



БРАЦО
Некогаш многу одамна
си живеел еден човек,
многу човечен,
многу храбар,
но - повлечен.
И си работел тој на своја
тема, и си љубел
и можеби и ќе си бил и
славен,
можеби и прославен?
Но, се прославија е зад
него, оние што знаеа
што е тоа скопска шема.



# РАБОТИЛНИЦА: ЛУТЕТЕ СЕ - РЕШЕТАСТО ЌОШЕ

### ПЛАМЕН ИЛИ ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА

Додека Прилеп живееше со театарот и за театарот, Крушево живееше со театарските проблеми. Таму се дебатираше за нив од старана на гостите сместени во двата града. Патувањата до Крушево беа секојдневие, како што беше секојдневие патувањата на гостите од Крушево во Прилеп за да ги следат претставите. За да ја разбие монотонијата на претставите, Ристо Стефановски се присети да ги забавува, кого друг освен поубавиот дел од патниците. Им пееше народни песни. Ја пееше песната “Девојчиња гугучиња”, им се смееше на момчињата во автобусот дека немаат полни џебови шекерчина и еблебии. За тоа време и девојчињата и момичината си се присетуваа на реченицата на Живко Чинго напишана во романот “Бабаџан” која гласи:
“Дувни ветре развигорче, та разнишај јаболкови ливчиња, да шибне лад на момински цицињa”. Најверојатно така им беше најдобро, можеби подобро отколку песните на Ристета.

### БУЧКО НЕМА ВРЕМЕ

Сите помислија дека Бучковски ќе патува во Европа, по средбата со земјоделците во Прилеп, а Бучковски ти за тоа, ниту немал време да присуствува на некоја претстава. Тоа му го изјави на организаторите на фестивалот со длабоко жалење и културна стега околу срцето. “Ех” рече “ех кога би можел фестивалот да се одложи барем седум дена ќе можев да присуствував на претстава” Некој помисли дека Бучковски се уплашил од битолскиот артист кој беше присутен, можеби од скопскиот режисер кој беше отсутен, но не беа во право ни едните ни другите. По се изгледа Бучковски најмногу си се плаши од себе си!

### ОД ПОЕТСКОТО ТВОРЕШТВО НА ШЕКСПИР ОД МАРИОВО

Крај е на фестивалот и
река лудости нека не
разбранува.
- Пред жирито, актерот
оро нека води,
нека трешти музиката -
нека не застанува,
да заборавиме веднаш на
нашите тоалети и моди.
Да престанеме да го
трошиме животот на
рати,
подалеку од душите да
ни се предизборните
реферати.
Да ечи целата родина,
да живее уметноста -
довидување до година.

# КОПРИВАРНИК
# И ТОА Е ЗДРАВО



## ФЕСТИВАЛСКИ (Н) АФОРИЗМИ

***ВАРИЈАНТА***

Жирито повлече мудар потег. Тоа што мислеше го кажа а тоа што го кажа го прочита и го потпиша!

***ПРЕПОРАКА***

Се покажа дека некои фестивалски принципи - ќе треба убаво да се измијат во иднина бидејќи смрдат од премногу пофаќања!

***ПРАШАЊЕ***

Нели од секогаш било така. Вредните да ги врднуваат најголемите легачи на светот!

## ПОСЛЕДНА МИСЛА НА БИЛТЕНОТ

*Полемики нема. Последниот ден учесниците од кавги се разјадоа, се распаднаа, се раскараа, накрај се избакнаа и завршните свечености можат да почнат.*

## ШПИЦ - БЛИЦ

Годинава Пеце Пивце беше задоволен. За тоа имаше две причини. Како што вели го подсили охридскиот театар во формирање и при тоа избегна да биде ангажиран од режисерот Бранко Брезовец во претставата “Тимон од Атина”. Оној кој изгуби беше понежниот пол од публиката. Еве и зошто? Брезовец ужива артистите да ги соблекува голи. Аман бре угол голи како од мајка родени. Овој пат во Тимона соблече два-тројца. Но Пеце не се соблече. Пеце еднаш беше гол кај Брезовац во претстава на Горан Стефановски и висеше обесен на таванот во големата сала. Ете по тоа го думаат прилепчанки, зошто не се знаеше што е подолго: дали јажето на кое виси, или тоа што му виси под колениците. Во Тимона артистите што се соблекоа, немаа такви божји дарбини какви што ги има Пеце Пивце, но тоа за некој идни размисли за театарско ангажирање на Брезовец.

. . .

Да ви кажам луѓе уште синоќа знаев на кого му се доделени годинешните награди, но не успеав да кажам. Кој ѓавол ме однесе во “Медуза” да следам претстава и таму чашка по чашка се каснав, односно медузата ме полази со отровни малигани та така што целиот посипев и не реков ништо!

. . .

Кој вели дека молчењето е злато, на златото одамна му падна вредноста. Според тоа молчењето е демократска мудрост, а во отсуство на тоалети мочањето е вистинска работа.



**РИСТО**

Тој,
а кој друг,
орал некогаш по сите
сцени.
Ни малку ни многу
толку колку што
требало, што вели
народот,
колку за лебало.
По напорна работа
се спасувал од
најстрашното,
со тоа што ката-ден
си легнувал на
брашното.

РЕДАКЦИЈАТА на “Билтенот” и им благодари на прилепските ликовни уметници Кирил Геговски и Васил Костов за преотстапените цртежи на театарски работници. Со оваа нивна наклоност “Билтенот” доби на планот на графичкото и естетското решение. Исто така редакцијата смета дека ова можеби е повод за подлабока размисла околу овој архивски материјал и потребата од негово комплетирање и издавање во засебно издание, како дел од фестивалската историја.



Народен театар - Штип

**ДОН КИХОТ**
Мигуел Де Сервантес

режија: Дејан Пројковски
музика: Горан Трајкоски
сценски движења: Александар Илиев
сценографија: Владо Ѓорески - Рафик
костимографија: Благоја Мицевски
видео продукција: OVERMIND студио
аниматори: Љубан Стамениќ; Игор Трајковски

Актери: Раде Рогожаров, Методија Колоски, Владимир Тулиев, Ива Зенделска, Милорад Ангелов, Кристина Атанасова, Миле Вратеовски, Михајло Петревски, Игор Иванов

**Актерите за претставата:**

РАДЕ РОГОЖАРОВ: Да се живее Дон Кихот треба да се игра, за да се игра, треба да се живее Дон Кихот. Дон Кихот еднаш се случува во животот и цел век се носи во себе. Ако го разбудиме, а се надевам дека ние со претставава го разбудивме повторно секој во себе својот Дон Кихот, тоа значи дека донкихотството се живее, се игра.

КРИСТИНА АТАНАСОВА: Секогаш ми е задоволство да играм со оваа екипа со Дејан Пројковски и Горан Трајковски, Сашо Илиев, целата екипа од штипскиот театар. Убаво беше иако беше напорно.

ЈЕЛЕНА ЈОВАНОВА: Јас сум замена за Ива Зенделска. И многу сум среќна што влегов во претставата, а жалам што го испуштив процесот на работа. А покрај сето трагично што го работиме на факултет, учеството во претставата ми дојде како опуштање.

**Публиката за претставата:**

- Претставата успеа да ме насмее.
- Полоша претстава во живот немам гледано!
- Прекрасна претстава!
- Музиката беше извонредна во претставата.
- Ликот на Санчо Панса беше извонреден.
- Ме фасцинираше целата артистичка екипа на кој начин ја одигра претставата особено главиот лик Дон Кихот. Ми се допадна и сценографијата.

# *Рекоа за фестивалот:*

**Благој Стефановски** - *министер за култура*
Добро е тоа што се оди на тоа фестивалот да има своја физиономија, да има одреден број претставите, да не се прифаќа сé што ќе се понуди. Мислам дека ќе биде и подобар во интерес на македонскиот театар.

**Братислав Димитров** - *драматург*
МТФ за македонскиот театар е ферментација на квалитетот, пресек на она што се случува во изминатата година. Можност да се види до каде е театарот, што фали, каде можеме да поправиме. Сметам дека на фестивалот му е потребна тркалезна маса на која ќе можат да се слушнат различни мислења за подобрување на неговиот квалитет. Фестивалот треба да го одразува духот на времето.

**Соња Михајлова** - *актер*
Овој фестивал го чувствувам многу емотивно. Тоа е нашиот свет. Светот на актерите, на театарот, не оној локалниот, туку пошироко во нашава земја.

**Иван Поповски** - *режисер*
Банално е да кажам дека фестивалот е значаен, но ќе кажам дека е така. Но, за жал последниве 12 години не е направено ништо за тој да стане национално достоинство, на кој љубителите на театарот ќе се "тепаат" да дојдат, а фирмите да го спонзорираат, за тој да стане манифестација која ќе има достојно место. Потребна е стратегија за развој на фестивалот. Имаме добри актери кои го заслужуваат тоа.

**Искра Гешоска** - *театарски критичар и теоретичар*
Сметам дека постоењето на овој фестивал е драгоцено, заради тоа што ова е местото каде што можат да се слеат сите убави и грди нешта што ги доживува македонскиот театар во текот на една година.

**Иван Додовски** - *театарски критичар и теоретичар*
Можеби е добро МТФ на едно од своите идни изданија да се занимава со прашањето на културната политика во областа на театарот и на систематско промислување на ситуацијата на македонскиот театар денес. Тоа значи дека ќе е добро да зборуваме за појавите и феномените во македонскиот театар врз основа на истражувања, сериозни подготовки, наместо да импровизираме и ламентираме за она што ни се случува. Во таа смисла, можеби МТФ може да биде местото од каде што едни такви иницијални истражувања можат да тргнат.

**Ристо Стефановски** - *театролог*
Во изминатата година во македонскиот театар има претстави со кои можеме на многу европски фестивали да седнеме и да гледаме со ќеф. Некои од нив можевме да ги видиме и на фестивалот, во официјалната па и дел во офф програмата. А секој фронтален напад на театарот дека само што ќе пропадне, не држи место, туку е срамота така да се каже. Оти 72-те премиери за година и пол и околу 2000 претстави прикажани пред публиката и учеството на фестивали по светот говори доста за македонскиот театар. Не дека цветаат рози или е сé супер, но сакам да речам дека откако ќе појдеме од ваков став, тогаш ќе се прашаме: Зошто на пример на фестивалот не е "Печалбари", или "Железното пиле" не е во официјална конкуренција. За такви финеси може да чепкаме. А не дека немаме театар.

СВЕЧЕНО ЗАТВОРАЊЕ

Народен театар - Велес

**ЖЕЛЕЗНОТО ПИЛЕ**
Благоја Ристески - Платнар

режија: Јордан Витанов
сценографија: Дејан Трипуновски
избор на костими: Јулија Анѓеловска
видео дизајн: Данчо Стефков
авторска музика: Миодраг Нешак
вокали: Јован Рибарски, Петре Симонов
виолина: Лазар Тонев

Актери: Благоја Спиркоски - Џумерко, Слободанка Чичевска, Кирил Гравчев, Едмонд Сотир, Александар Ѓеоргиев, Зорица П. Панчиќ, Зоран Љутков, Самоил Ѓ. Стојановски



Билтен на 41 МТФ „Војдан Чернодрински” - Прилеп
За издавачот: Кирил Ристоски
Уредник: Александра Бошковска
Новинари: Слободан Рошкоски, Елизабета Митреска, Каролина Мицевска и Светлана Ристеска
Фотографии: Милан Темелкоски, Светлана Ристеска и од архивите на театрите.
Печати: „Тирекс” - Прилеп
Прилеп, 09.06.2006

Македонски театарски фестивал
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП
Дом на култура „Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел: (048) 40 16 30 или 42 55 20
факс (048) 40 16 31
e mail: mtf_vc@mt.net.mk
www.mtf.com.mk

## *ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ*

# 41 МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" – ПРИЛЕП

ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ:

**Собрание на МТФ:**
Кирил Ристоски, претседател
Стојан Дамчески, Љупчо Ѓорѓиевски, Адем Карага, Трајче Кацаров, Атила Клинче, Младен Крстевски, Ванчо Мелев, Љупчо Петрушевски, Силвија Стојановска, Љубомир Чадиковски

**Извршен одбор на МТФ:**
Кирил Ристоски, претседател
Силвија Стојановска, член
Атила Клинче, член
Љупчо Ѓорѓиевски, член
Трајче Кацаров, член

**Секретар на МТФ:** Стојан Дамчески
**Технички Секретар:** Љупчо Тодоровски
**Уредник на билтен:** Александра Бошковска

**Уметнички директор:** Ѓунер Исмаил

**Жири:**
Искра Гешоска, теоретичар на уметност
Братислав Димитров, драмски писател
Мето Јовановски, актер
Тодор Кузманов, театарски критичар
Иван Поповски, режисер

**Жири за off програма:**
Младен Крстевски, актер
Зоја Бузалковска, режисер
Маја Мицевска, драмски писател